Ф 7.5.4/3

Министерство за правда
Биро за судски вештачења
Скопје

# НАОД И МИСЛЕЊЕ

СВ IV 174/17

## НАРАЧАТЕЛ НА ВЕШТАЧЕЊЕ:

1.

2. НИКОМ ДОО увоз-извоз Кавадарци

| Судски број по Наредба: | Судски број по Решение: | По барање на правно или физичко лице: НИКОМ ДОО увоз-извоз, Кавадарци |
|---|---|---|

| Датум на вештачење: | Датум на изработка: 12.09.2017 |
|---|---|

Вешти лица:

М-р Стојан Славески - заштитата при работа и

Дипл. маш. инж. Илија Велјановски - судски вештак

в-д Директор

Irfan Odai

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.



[redacted]

## СОДРЖИНА

I. Општи одредби

1. Конкретни барања

II. ФАКТИЧКА СОСТОЈБА

НАОД

III. МИСЛЕЊЕ

## I. Општи одредби

### 1. Конкретни барања

Постапувајќи по поднесеното барање за изготвување на вештачење од страна на правниот субјект НИКОМ ДОО увоз-извоз, Кавадарци, односно доставено од полномошникот на тужениот авокатската канцеларија ИЛИЈА ИЛИЕВСКИ од Кавадарци, за судскиот спор помеѓу тужителот Митре Мушев и тужениот Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за производство трговија и услуги НИКОМ ДОО увоз-извоз Кавадарци, за надомест на материјална и нематеријална штета, пред Осноновен суд Кавадарци.

Потребно е да се изврши вештачење за заштита при работа од страна на лиценциран судски вештак од областа на заштита при работа и судски вештак од областа на машинско, при што се бара да се утврди следното:

- опис на дејноста на правниот субјект.
- опис на технолошкиот процес при бичење на трупци во погон пиланата.
- обврски на работодавачот и одговорното лице во правниот субјект во врска со спроведувањето на законските обврски од Законот за работни односи и Законот за безбедност и здравје при работа.
- опис на работното место на тужителот.
- опис на несреќниот случај што се случил на ден 25.08.2014 год.
- причини за настаната несреќа
-дали имаа пропусти на работодавачот и работникот за настанување на несреќниот случај и доколку има во што се состојат тие пропусти.
-да се утврдат други факти и околности кои ќе бидаат од влианије за правилно утврдување на фактичката сосотојба.

Вештите лица, м-р М-р Стојан Славески –судски вештак за заштита при работа и дипл. маш. инж. Илија Вељановски судски вештак од машинска област, по проучување на списите приложени во барањето за вештачење и по направениот увид на местото на случената несреќа на ден 23.08.2017, го даваме следниот Наод и Мислење.

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено / This report shall not be reproduced except in full.

## II. ФАКТИЧКА СОСТОЈБА

## НАОД И МИСЛЕЊЕ

### Основни податоци за несреќата

### *Време и место на несреќата*

-Според приложените документи несреќниот случај се случило на ден 25.08.2014 во попладневните часови (втора смена) во просториите на Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за производство трговија и услуги НИКОМ ДОО увоз-извоз Кавадарци, поточно во делот на Пилана, погон за бичење дрвени трупци.

- Главната дејноста на правниот субјект е производство и трговија во дрвната индустрија односно бичење на трупци, со обработка и производство на дрвени елементи др.

ВЕШТ НАОД И МИСЛЕЊЕ

Повредениот Митре Мушев е роден на ден 05.10.1971 во Кавадарци, вработен во ТВИД Ником ДОО Кавадарци како општ работник во картонажа – работи на лепење на картон со четка со Договор за вработување бр. 01-175 од 21.03.2006 година.

Со Одлука за прераспоредување на работно место бр. 01-107 од 05.09.2011 година се распоредува на работно место – Општ работник во дрвена и картонска амбалажа и пилана.

Повредата на работа, согласно со Записникот на Државниот инспекторат за труд бр. 07-591/2 од 30.09.2017 година, се случува на ден 25.08.2014 година кога работникот Митре Мушев ги обавувал своите работни задачи во втора смена во производниот погон на ТВИД Ником ДОО Кавадарци во делот на Пилана како помошник на Брентистот. Во 14.15 часот повредениот го потпирал трупецот (со димензии должина 5 метри и пречник од околу 50 центиметри) со помало дрво од околу 30 центиметри должина, во еден момент трупецот кој бил закачен со стеги (чопи) се откачил од стегите и му ја потфатил прво десната нога и го налегнал на земјата при што паднал на целата долна половина од телото на повредениот и му ги повредил двете нозе во пределот на карлицата. Според Пријавата за несреќа при работа бр. 01-108 од 25.08.2014 година извор на несреќата е невнимание.

Исто така, според известувањето за настанот на Ником ДОО Кавадарци бр. 0402-68 од 15.07.2016 година упатено до МВР Кавадарци се констатира дека „на местото каде е настаната несреќата, поточно на местото каде што се нашол работникот не е дозволен влез за работници и нема предвидено работно место“. Според известувањето „до конкретниот штетен настан е дојдено по исклучива вина на работникот, кој без налог за работа, без писмено решение за распоредување и без причина превзел дејствија спротивни на дадените упатства за работа од страна на производителот на конкретната машина“.

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено / This report shall not be reproduced except in full.

Во согласност со Закон за безбедност и здравје при работа, како и меѓународните признати стандарди изработени со  упаства за работа со опремата во друштвото, од наша страна констаирано присуство на знаци и налепници во случај на опасности, како и задолжување со лични заштитни средства.

Во подоле прикажаните фотоси се видливи постоечките упаства за заштита при работа на самата работна просторија каде се случило несреќниот случај, и на самата работна машина залепени налепници од сите четири страни на машината и тоа во пишани форми и во знаци за заштита при работа во вид на фотографи, исто така и протегањето на обележената хоризонтална жолта линија на самата работна подлога која се протега одалечено на 1 m  околу работната машина ја дефинира опасната зона околу машината.












Во прикажаните фотоси објективно се видливи работните услови на несреќниот случај, исто така и постоечките упаствата за заштита при работа на самото работно место и на самата работна машина.

Во овој периодот од неговото вработување до случување на несреќата при работа од аспект на безбедност и здравје при работа спроведени се:

- Систематски здраствен преглед бр. 04/14 од 09.05.2014 година спроведен од страна на ПЗУ –Поликлиника од примарна здраствена заштита „Д-р.Чирков“ ординација по

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено / This report shall not be reproduced except in full.

медицина на трудот при што е констатирано дека работникот Мушев Митре е способен за работа, односно да ги извршува своите работни здачи кои не се поврзани со работа на десната рака.

- Што се однесува до обврските на работодавачот и одговорното лице во правниот субјект во врска со спроведувањето на законските обврски од Законот за работни односи и Законот за безбедност и здравје при работа правниот субјект.

Горе наведениот правен субјект односно работодавачот на сите погоре наброени обврски што се однесуваат до спроведувањето на законските обврски од Законот за работни односи и Законот за безбедност и здравје при работа истиот кон сите вработени, а и кон повредениот Митре Мушев ги има исполнето сите обуки контроли според предвидените правни и безбедносни норми за заштита при работа предвидени со закон.

Врз работникот Мушев Митре извршена обука за стручно обучување и оспособување и безбедност и здравје при работа за неговото работно место од страна на Технички институт „Неготино“ за што добил Уверение на 22.08.2014 година а доставен е и лист за евиденција со потпис и печат на вршителот на обука и тоа: .

- Со реверс бр. 16 од 12.05.2014 година работникот Мушев Митре бил задложен со следните средства за заштита при работа: заштитни чевли, заштитни слушалки, заштитни наочари и ракавици.
- Работодавачот изготвил Проценка на ризик по работните места и спровел Изјава за безбедност изготвена од страна на технички институт „Неготино“ од јуни 2014 година.

- Работодавачот достави Уверение за положен стручен испит за стручно лице за безбедност и здравје при работа за лицето Димитар Пенков од 03.10.2013 година издадено од страна на Министерството за труд и социјална политика со евидентен број 498.

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено / This report shall not be reproduced except in full.

## ***МИСЛЕЊЕ***

***Од увидот во доставените списи од предметот можеме да констатираме дека:***

***-Работодавачот има спроведено соодвена обука за вработениот, извршил систематски преглед врз него и го задолжил со средтсва за заштита при работа. Одредил стручно лице за безбедност и здравје при работа во друштвото и изготвил Проценка на ризик и Изјава за безбедност за секое работно место.***

***-Причина за настаната несреќа односно настанатите повреди кај работникот Мушев Митре е неговото неодговорно, небезбедно и невнимателно однесување кон работните обврски и задачи во работното место, зато што критичниот ден повредениот работник Мушев Митре се нашол на место каде што не е дозволен влез за работници и нема предвидено работно место.***

***-Па од сето погоре изнесено произлегува заклучокот дека правниот субјект односно работодавачот во конкретниот несреќен случај нема вина односно пропусти, бидејќи истиот кон повредениот работник и кон останатите работници континуирано водел сметка и ги спроведувал активностите во друштвото согласно законските норми и интерните акти.***

Изработиле вешти лица : м-р Стојан Славески

лиценца бр. 07-4527/2 ----------------------- и

дипл. маш. инж. - Илија Велјаноски

Број на лиценца: - 07-855/02 -----------------------

- опис на технолошкиот процес при бичење на трупци во погон пиланата. Машинско прашање
- опис на работното место на тужителот.
- опис на несреќниот случај што се случил на ден 25.08.2014 год.
- причини за настаната несреќа
-дали имаа пропусти на работодавачот и работникот за настанување на несреќниот случај и доколку има во што се состојат тие пропусти.
-да се утврдат други факти и околности кои ќе бидаат од влианије за правилно утврдување на фактичката сосотојба.

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено / This report shall not be reproduced except in full.